Funded by
the European Union

# ОДРЖЛИВ ТУРИЗАМ: НАЦИОНАЛЕН КОНТЕКСТ

*Изготвено согласно клучните резултати од истражувањето и транснационалниот извештај спроведени во рамки на Еразмус проектот PRepare.*

## 1. Туризмот во Грција, Турција, Италија и Северна Македонија: статистика

### ГРЦИЈА

Туризмот во Грција има значително влијание врз **грчката економија**.



- **Грција забележа повеќе од 30 милиони пристигнувања, кои генерираа повеќе од 15 милијарди евра приходи од патувања. (Deloitte Central Mediterranean, 2023).**



Освен тоа, повеќе од 1 милион лица се вработени во туристичката индустрија во Грција (Deloitte Central Mediterranean, 2023), што значи дека приближно 20% од работната сила во земјата е ангажирана во секторот туризмам (ELSTAT, 2023).

### ИТАЛИЈА

е една од најпосетуваните дестинации во светот и Европа. Земјата, на глобално ниво е меѓу водечките туристички дестинации.



- **Италија се вбројува меѓу првите пет најпосетувани земји во светот.**



Вкупните пристигнувања биле 78,6 милиони во 2021 и 118,5 милиони во 2022, со 289,1 милион ноќевања во 2021 и 412,0 милиони во 2022 година (Demoskopika, 2023).

### ТУРЦИЈА

Приходите од туризмот во Турција, во првото тримесечје на 2023 година пораснале за 32,3%, достигнувајќи со тоа 8,69 милијарди долари (TURKSTAT, 2023).



- **46,6% од туристите ја посетиле Турција заради „разгледување, забава, спорт, како и заради посета на културни настани“.**



Споредбено со истото тримесечје од 2022 година, трошоците за спорт, образование и култура се зголемиле за 116,5%, за пакет-тури за 83,4%, а за туристички услуги за 82,1%.

Поддршката на Европската комисија за подготовката на оваа публикација не претставува одобрување на нејзината содржина, која ги одразува само ставовите на авторите, и Комисијата не може да се смета за одговорна за каква било употреба на информациите содржани во неа.

# ВО СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА



Како мала земја, без излез на море, Северна Македонија е далеку од популарна туристичка дестинација. Во споредба со Грција и Турција, кои во 2021 и 2022 година се меѓу топ 10-те најпосетувани дестинации во светот и Европа (UNWTO, 2023), во 2021 година, С. Македонија се рангирала на 122. место  (World Data, 2022).

- **Во 2021 година, во секторот туризмам имало 45,2 илјади вработени, односно 5,7% лица од вкупната работна сила во државата (UNWTO, 2021).**

И покрај скромниот обем на туристи во земјата, секторот туризам се смета за значајна гранка за остварување на приходи, вработување и развој на многу национални економски сектори (Macedonia Timeless, Analytica, 2023).

## 2. Влијание врз животната средина

**Додека животната средина придонесува за туризмот, туризмот има и позитивни и негативни ефекти врз животната средина.**

**01** Енергија и емисии на стакленички гасови

**02** Потрошувачка на вода

**03** Управување со отпад

**04** Губење на биолошката разновидност

**05** Ефикасно управување со културното наследство

Секој од овие аспекти може да се поврзе со различни земји. Тоа значи дека, иако позитивните страни на туризмот се добро познати, постојат и многу негативни аспекти. За да се намалат овие негативни влијанија, потребно е да се усвојат и спроведат специфични политики и мерки.

**За повеќе информации за темата:** https://www.prepareproject.eu/national-reports/

## 3. Политики

**01** Животна средина

- **Растот на еколошки прифатливиот туризам директно влијае врз тоа колку една дестинација ќе биде атрактивна на долг рок.**

Оваа развојна стратегија се стреми да балансира помеѓу растот, заштитата на животната средина, уделот на пазарот на глобалните пазари и додадената вредност создадена во индустриите поврзани со туризмот.

**02** Одржлив туризам

- **Многу земји спроведуваат релевантни политики за поттикнување на одржлив туризам.**

Развојот на одржлив туризам вклучува ефикасно и рационално користење на ресурсите за обезбедување регионални економски придобивки и подобрување на животниот стандард на локалното население (Demirkol и Çetin, 2014).

Поддршката на Европската комисија за подготовката на оваа публикација не претставува одобрување на нејзината содржина, која ги одразува само ставовите на авторите, и Комисијата не може да се смета за одговорна за каква било употреба на информациите содржани во неа.

# ОДРЖЛИВ ТУРИЗАМ: НАЦИОНАЛНИ КОНТЕКСТИ

## Наоди од теренско истражување

Според возраста, во Грција најмногу учесници во истражувањето (60%) биле на возраст 40-59 години, во Италија доминираат младите возрасни (44%) и 40-59 години (42%), додека во Турција и Северна Македонија најмногу одговориле лица на возраст 25-39 години (50% и 53%).







Нивото на образование на учесниците е релативно високо во сите партнерски земји, приштo, мнозинство од учесниците се со завршено високо или постдипломско образование.

Повеќе од 70% од учесниците во сите земји се запознати со термините „одржлив туризам“ и „граѓанско учество“. Истите се особено популарни меѓу помладите генерации.




## ЗАКЛУЧОЦИ

**Транснационалното истражување (анкета) покажа дека, иако постои основно ниво на знаење за концептите и практиките поврзани со одржливоста, повеќето луѓе во Грција, Италија, Турција и Северна Македонија не се запознаени со политиките и иницијативите за одржлив туризам, што се спроведуваат на ниво на ЕУ или национално ниво.**

**Причините за ова се должат на недостигот на конкретни политики и иницијативи за одржливост и одржлив туризам, особено на национално и локално ниво, како и на недоволната промоција на овие политики и иницијативи помеѓу населението.**

https://www.facebook.com/prepareeu
https://www.instagram.com/prepareproject/
https://www.linkedin.com/in/prepareproject/

Поддршката на Европската комисија за подготовката на оваа публикација не претставува одобрување на нејзината содржина, која ги одразува само ставовите на авторите, и Комисијата не може да се смета за одговорна за каква било употреба на информациите содржани во неа.